Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-444/1
17. 02. 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
Бр. 09-9312
17.02 2025 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
За јавна набавка на осигурување

1. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

- **1. Општина Чешиново-Облешево,ул.„Маршал Тито“бр.17 Облешево, застапувана од Градоначалникот Далибор Ангелов, (во понатамошниот текст: Договорувач на осигурување);**

и

- **2. Национална групација за осигурување АД „Осигурителна Полиса“ , со седиште на Бул. „Климент Охридски“ бр.26 Скопје, застапувана од Генералниот директор Владимир Тошевски (во понатамошниот текст: Економски оператор)**

2. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е:

1. Осигурување на компјутери, компјутерска опрема и дефибрилатор и сл., од пожар, поплава, кршење и кражба и други опасности по приложена табела, за период од 1 година и

2.Колективно осигурување на вработените лица (администрација-20 лица) од последици на несреќен случај - незгода , за период од 1 година, согласно тендерската документација и техничките спецификации од тендерската документација од Набавка од мала вредност по оглас бр.00495/2025 , одлуката за избор на најповолна понуда со архивски знак бр. 09-355/1 од 05.02.2025 година, а по доставена понуда по спроведената е-аукција бр.05-233/3 од 13.02.2025 година.

Член 2

Составен дел на овој Договор се полисите за осигурување на предметот на овој договор утврден во член 1.

Член 3

Договарачот на осигурувањето и Економскиот оператор, согласно Општите услови за осигурување имоти, Условите за осигурување од пожар и некои други опасности, Условите за осигурување на вработени лица , постигнаа согласност за:

1. Осигурување на компјутери, компјутерска опрема и дефибрилатор и сл., од пожар, поплава, кршење и кражба и други опасности по приложена табела, за период од 1 година на вкупна сума на осигурување од **=20.492,00 денари** (со пресметан ДДВ) и

2.Колективно осигурување на вработените лица (администрација-20 лица) од последици на несреќен случај - незгода , за период од 1 година на вкупна сума на осигурување од **=28.485,00 денари** (со пресметан ДДВ),

Односно вкупна вредност од двете ставки на договорот на годишно ниво изнесува **=48.977,00 денари** (со пресметан ДДВ).

Член 4

Економскиот оператор штетите ќе ги исплатува согласно законските одредби .

3. ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Вкупната вредност на овој Договор, премија за 1 година изнесува **=48.977,00 денари** (со пресметан ДДВ).

4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Договорот се склучува на времетраење од **17.02..2025** година до **17.02.2026** година.

5. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Економскиот оператор се обврзува да му достави на Договарачот на осигурувањето фактура со пресметана премија за осигурување, со прилог пресметка за сите рати на годишно ниво .

Договарачот на осигурувањето со обврзува фактурираната премија да ја плаќа на жиро сметката на Економскиот оператор на една рата (за вкупниот износ на годишно ниво) во рок од 60 дена по пристигнувањето на фактурата во архивата на Договорниот орган.

6. УСЛОВИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ НЕДОГОВОРЕНИ РАБОТИ

Член 8

Дополнителните потреби во врска со Договорот, договорните страни ќе ги регулираат со потпишување на анекс договор, кој со потпишувањето претставува составен дел од главниот Договор.

7. УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА АНЕКСИ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Со анекс договор ќе се регулираат сите прашања во врска со дополнителни услуги, промена на рокови и други услови од Договорот, освен условите дадени во понудата доставена од страна на осигурувачот.

Условите од понудата на осигурувачот со кои е извршена евалуација на понудите, не смеат да бидат изменети со Анекс на договорот.

Склучување на Анекс на договор може да иницира било која договорна страна во писмена форма. Страна на која и е понудено склучување на анекс договор во писмена форма во рок од 5 дена ја известува страната понудувач за прифаќање или одбивање на предлогот.

8. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 10

Сите активности од подготовка до целосна реализација на договорот ќе се спроведуваат согласно законите и подзаконските акти кои се во употреба во Република Македонија.

9. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 11

Договорните страни се обврзуваат, меѓусебните спорови да ги решаваат спогодбено, во склад со важечките закони и во духот на овој Договор.

Член 12

Во случај на судски спор месно и стварно надлежен е Основен суд Кочани.

Член 13

Овој договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

Општина Чешиново-Облешево,

Градоначалник,

Далибор Ангелов

АД „Осигурителна Полиса“

Генерален Директор
Владимир Тошевски

Прилог на Договорот е: понуда по спроведена е-аукција бр.05-233/3 од 13.02.2025 година.

Изготвил:Љијанка Андонова

VLADIMIR TOShEVSKI

Digitally signed by VLADIMIR TOShEVSKI
DN: cn=VLADIMIR TOShEVSKI,ou=AD OSIGURITELNA POLISA SKOPJE:4030005548374,o=AD OSIGURITELNA POLISA SKOPJE,c=MK
Date: 2025.02.13 13:46:59 +0100

Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
СКОПЈЕ

Бр. 08-831/1

13.02.2025 год.
СКОПЈЕ

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; е-маил: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

13.02.2025
05 23/3

Прилог 1 - Образец на понуда

[меморандум на понудувачот]

Врз основа на огласот број 00495/2025 објавен од страна на Општина Чешиново-Облешево за доделување на договор за јавна набавка - *Осигурителни услуги-*

1. Осигурување на компјутери, компјутерска опрема, дефибрилатор и сл. од пожар, поплава, кршење и кражба и други опасности по приложена табела, за период од 1 година и

2.Колективно осигурување на вработените лица (администрација) од последици на несреќен случај - незгода , за период од 1 година со спроведување на постапка за Набавка од мала вредност, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А – ПО Е АУКЦИЈА

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: А. Д. Осигурителна Полиса – Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: Бул. Св. Климетнт Окридски бр.26 – 1000 Скопје
- Телефон:
- Факс: 0
- Е-пошта:
- Лице за контакт: Сандра Цветаноска

I.3. Одговорно лице: Генерален директор Владимир Тошевски

I.4. Даночен број:

I.5. Матичен број:

1.6 Жиро-сметка и депонент на банка

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги - *Осигурителни услуги-*

1. Осигурување на компјутери, компјутерска опрема, дефибрилатор и сл. од пожар, поплава, кршење и кражба и други опасности по приложена табела, за период од 1 година и

2.Колективно осигурување на вработените лица (администрација) од последици на несреќен случај - незгода , за период од 1 година

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на изведување утврдени во тендерската документација.

[1] 08-831/1 [2025]

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Нашата понуда за набавка на услуги- *Осигурителни услуги-*

1. Осигурување на компјутери, компјутерска опрема, дефибрилатор и сл. од пожар, поплава, кршење и кражба и други опасности по приложена табела, за период од 1 година и

2.Колективно осигурување на вработените лица (администрација) од последици на несреќен случај - незгода , за период од 1 година , вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без пресметан ДДВ, изнесува **48.977,00** **[со бројки]** , (четириесетиосумилјадидеветстотиниседумдесетиседум) **[со букви] денари.**

Вкупниот износ на ДДВ изнесува **нула (0)** денари.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје, 13.02.2025

Одговорно лице

(потпис и печат) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Доколку понудата ја потпишува овластено лице од понудувачот, задолжително приложува и Овластување за потпишување.

Техничка спецификација

Предмет на договорот за јавна набавка:
Осигурителни услуги- Осигурување на компјутери, компјутерска опрема, дефибрилатор и сл. од пожар, поплава, кршење и кражба и други опасности по приложена табела, за период од 1 година и колективно осигурување на вработените лица (администрација) од последици на несреќен случај - незгода , за период од 1 година ,

1. *Осигурување на компјутери, компјутерска опрема, дефибрилатор и сл., од пожар, поплава, кршење и кражба и други опасности по приложена табела*

Ред.бр.	Назив	Ед. мерка	количина	Проценета вредност во денари	Единечна цена без ДДВ	Вкупна цена без ДДВ
1.	Компјутери	Бр.	22	475.000,00	**269,00**	**5,919.00**
2.	Компјутерска опрема (печатачи, скенери)	Бр.	18	180.000,00	**125,00**	**2,250.00**
3.	Дигитален фотоапарат	Бр.	1	20.000,00	**248.00**	**248.00**
4.	Дефибрилатор	Бр.	1	60.000,00	**746.00**	**746.00**
5.	Лаптоп	Бр.	3	117.000,00	**485,00**	**1,455.00**
6.	Сервер	Бр.	1	10.000,00	**125.00**	**125.00**
7.	Телевизор	Бр.	1	30.000,00	**373.00**	**373.00**
8.	Монитори	Бр.	20	100.000,00	**61,75**	**1,235.00**
9.	Panasonik KX-TES824	Бр.	1	5.000,00	**62,00**	**62.00**
10.	Домофон	Бр.	1	35.000,00	**435,00**	**435.00**
11.	Комплет-Опрема за снимање седници на Совет	Бр.	21	615.000,00	**364,00**	**7,644.00**

Вкупна цена без ДДВ **20.492,00**
Износ на ДДВ **нула (0)**
Вкупна цена со ДДВ **20.492,00**

2.Колективно осигурување на вработените лица (администрација) од последици на несреќен случај – незгода

Ред. Бр.	Опис	Опфат на осигурувањето	Осигурена сума по вработен	Број на вработени	Ед. цена без ДДВ по вработен за период од една година	**Вкупна цена** без ДДВ за период од една година
1.	Колективно осигурување на вработените лица од последици на несреќен случај - незгода со месечна премија од 150,00 денари по вработен	Смрт од несреќен случај Дневен надомест Траен инвалидитет Трошоци за лекување	310.000,00 ден. 100,00 ден. 620.000,00 ден. 20.000,00 ден.	20	**1.424.26**	**28,485.12**

Вкупна цена без ДДВ **25.485,00**
Износ на ДДВ **нула(0)**
Вкупна цена со ДДВ **28.485,00**

Вкупна цена без ДДВ Табела 1 и Табела 2 **48.977,00**
Износ на ДДВ Табела 1 и Табела 2 **нула (0)**
Вкупна цена со ДДВ Табела 1 и Табела 2 **48.977,00**

(Напомена:Почетна цена на е-аукцијата ќе биде најниско понудената цена вкупно од двете табели)

Вкупна цена без ДДВ **48.977,00**
Износ на ДДВ **нула (0)**
Вкупна цена со ДДВ **48.977,00**

Изработил:Ивана Миленкова